# Програми од 2иот циклус за правни студии

Правниот факултет ќе понуди програми од 2иот циклус кои водат до магистратури за правни науки. Студиите од 2иот циклус на факултетот ќе бидат поделени на неколку области на концентрација кои ќе ги избере студентот и кои ќе имаат посебен предмет на студирање . Овие концентрации се : 1)Граѓанско право

## I. Генерален опис на дипломираните од оваа програма

Програмите од 2иот циклус за правни студии при ЈИЕУ упатуваат на вештините кои ќе се научат, знаењето кое ќе се здобие и компетенциите кои ќе се достигнат со цел да се инкорпорираат професионалните и академските компетенции со можност да се потенцира една од нив со тоа што ќе им се дозволи на студентите да ги изберат своите програми и предмети. По здобивањето на професионалните компетенции дипломираните ќе бидат подготвени да навлезат во посебната област на специјализација на правото или да станат судии по измените во законот.За програмите е потребно специјализирано знаење на предметната област како и напредно разбирање на општите принципи кои што се изучуваат во првиот циклус. Дипломираните ќе можат да ги анализираат и да ги разберат новите развојни текови од област на правото особено на европско ниво и да ги поврзат истите со оние воР. Македониј. Дипломираните ќе имаат вештини за истражувањата во правото, за пишување на мнениа како и за нивно усно презентирање но и меѓучовечки вештини, професионално однесување, пракса на етичките стандарди.

## II. Опис на програмата и наставниот план

Програмата од 2иот циклус ќе се состои од 90 ЕКТС кредити и ќе се предава редовно за време на курсот од три семестри (30 кредити за секој). Програмата е составена од задолжителни предмети, изборни предмети и посебни студии (практични или истражувачки активности) и работа на теза.

Студентот самиот ја креира сопствената индивидуална програма од областа на четирите споменати профили, преку избор на изборни предмети и тема на тезата т.е. советник за тезата, ментор.

## ГРАЃАНСКО ПРАВО :

Наставен план на програмата за магистратури по граѓанско право:

| Семестар 1 | |
|---|---|
| | • Методологија на истражување (6 кредити)<br>• Вовед во граѓнаско право (6 кредити)<br>• Облигационо право (6кредити)<br>• Имотно право (6 кредити)<br>• Изборен (6 кредити) |

| Семестар 2 | |
|---|---|
| | • Семејно и наследно право (6 кредити)<br>• Меѓународно приватно право (6 кредити)<br>• Европско приватно право (6 кредити)<br>• Граѓанска постапка (6кредити )<br>• Изборен (6 кредити ) |

*Изборни предмети*

Право на интелектуална сопственост (или авторско и индустриска сопственост)

Стопанско право: право на претпријатие, конкурентно право

Посебни процедури во извршно право

Право на осигурување

| | |
|---|---|
| Семестар 3 | • Правна методологија (10 кредити)<br>• Магистерски труд (Писмена и усна презентација) - (20 кредити) |

## V. Услови за прием

Покрај општите услови за упис на програмите од 2иот циклус на Универзитетот на ЈИЕ кандидатите за оваа програма треба да ги исполнуваат и следните услови:

1)Универзитетска диплома по Правни науки, Јавна администрација , политички науки, во зависност од програмата

2) Одлично познавање на албанскиот јазик

3) Признаен просек на додпиломски студии

4) Одобрение од комисијата за прием ( на студенти со дипломи од други дисциплини може да им наложи полагање на дополнителни предмети од додипломските студии)

5)Предност ќе имаат студентите со адекватно познавање на англискиот јазик со цел да можат да посетуваат предавања на професори во посета и да студираат меѓународна литература

## V. Предавачи :